Врз основа на член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), член 13 став (1) од Законот за вработените во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/24), и член 6 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 132/10, 23/10, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24) министерот за одбрана донесе

# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА И АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Предмет

### Член 1

(1)Со овој Етички кодекс се уредуваат етичките стандарди и правила на однесување на вработените во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

(2)Етичкиот кодекс претставува збир на професионални стандарди и вредности кои се применуваат подеднакво на сите нивоа од организациската структура на Министерството и Армијата, од страна на сите вработени во Министерството и Армијата и во сите објекти и безбедносни и административни зони на Министерството и Армијата.

(3)Етичкиот кодекс ги пропишува основните начела и принципи на:

- чесно, совесно и прифатливо управување и однесување,
- унапредување на професионални односи во работната средина,
- промоција на тимска работа,
- избегнување на корупција,
- избегнување на судир на интереси,
- чување на класифицирани информации, и
- други незаконски и неетички однесувања и активности.

(4)Одредбите на Етичкиот кодекс се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, меѓународно хуманитарното право, позитивните правни прописи во Република Северна Македонија, како и надлежностите и функциите на Министерството и Армијата пропишани во важечката регулатива.

(5)За постапување спротивно на одредбите од Етичкиот кодекс, вработените во Министерството и Армијата подлежат на соодветна одговорност согласно важечките законски и подзаконски прописи.

### Цел

### Член 2

Целта на Етичкиот кодекс е чување и унапредување на институционалниот интегритет, афирмација и унапредување на достоинството и угледот на вработените и зајакнување на довербата на граѓаните во Министерството и во Армијата.

**Примена**
**Член 3**

Вработените ги применуваат етичките стандарди и правила на однесување утврдени со Етичкиот кодекс и позитивните правни прописи во односите со колегите и претпоставените, во односите со странките и граѓаните, во односот кон работното место, кон Министерството и Армијата, како и во приватниот живот и јавноста.

**Родова сензитивност**
**Член 4**

Етичкиот кодекс има родово сензитивен пристап и еднаква применливост кај жените и мажите во Министерството и Армијата.

## II. ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ

**Професионалност**
**Член 5**

(1)Етичкиот кодекс го поддржува високото професионално однесување на вработените, што претставува почитување на важечките законски прописи, врз основ на работните компетенции, правила и процедури, навременост, самостојност, точност, информираност, штитење на угледот на Министерството и Армијата, штитење на угледот на професијата, промоција на тимската работа, продлабочување на стекнатите знаења и се она што го унапредува односот кон колегите, претпоставените, странките и општеството воопшто.

(2)Вработените се должни работните задачи и обврски да ги вршат согласно позитивните законски прописи, наредби, насоки и директиви добиени од претпоставените, на начин на кој не го загрозуваат личниот углед и угледот на Министерството и Армијата.

(3)Надвор од работното време, вработените треба да одбегнуваат активности кои би можеле да имаат негативно влијание на угледот на Министерството и Армијата.

(4)Во приватниот живот, вработените не ја користат службената ознака, пропусница и позиција која ја имаат во Министерството и Армијата.

(5)При учество на обуки, школувања, стручно оспособување и усовршување, меѓународни, мировни и хуманитарни операции и други активности во меѓународен контекст, вработените во Министерството и Армијата имаат обврска достојно да ги претставуваат професијата, Министерството и Армијата.

**Непристрасност**
**Член 6**

(1)Вработените во однесувањето и работењето постапуваат непристрасно, без предрасуди и без намера за остварување на лична корист или амбиција.

(2)Вработените со својата непристрасност и ефикасност во работењето треба секогаш да придонесуваат кон градење на довербата во себе и да ја зачуваат и унапредуваат довербата во Министерството и Армијата.

(3)При донесувањето на одлуки, како и извршување на работните задачи, вработените не се раководат од погрешна, неправилна или неразумна оцена на

фактичката ситуација заради предрасуди, остварување на амбиции за напредување во кариерата и судир на интереси.

**Демократски вредности и недискриминација**
**Член 7**

(1)Вработените преку своето однесување и работење ги промовираат демократските вредности и владеење на правото.

(2)Вработените го овозможуваат остварувањето на уставно загантираните права на еднаквост и одбегнуваат дискриминација врз основ на: возраст, пол, етничко или социјално потекло, јазична, верска или расна припадност, политички убедувања, брачен или фамилијарен статус, инвалидност, сексуална ориентираност или каква било друга основа.

**Почитување на интегритетот**
**Член 8**

(1)Вработените со својот личен пример ги промовираат вредностите како вистинитост, чесност и правичност и се доследни во постапките, вредностите и принципите.

(2)Вработените се посветени на одржување на највисоки професионални стандарди и лично однесување на начин со кој ќе се одржи довербата на граѓаните во Министерството и Армијата.

(3)Интегритетот подразбира поседување на цврсти принципи, морал, чесност и компентенции кои се огледуваат во секоја постапка на вработените.

**Судир на интереси**
**Член 9**

(1)Вработените при извршување на работните задачи, ги почитуваат принципите за спречување на судир на интереси и ги застапуваат во целост интересите на Министерството и Армијата и нивните стратешки цели.За таа цел се избегнуваат ситуации во кои се појавува судир на интереси.

(2)Вработените избегнуваат активности кои можат да се протолкуваат како злоупотреба на надлежностите. Службената положба не ја користат за стекнување на противправна корист и избегнуваат судир на интереси.

**Избегнување коруптивно однесување**
**Член 10**

(1)Корупцијата претставува искористување на службените права и овластувања заради остварување на противправна материјална корист.

(2)Министерството и Армијата строго се спротивставуваат на секој обид за влијание на професионалните вредности и на личниот интегритет на вработените и секое несоодветно дејство ќе се третира согласно позитивните правни прописи.

(3)Сите вработени, а особено вработените чии работни места се подложни на ризик од корупција не прифаќаат и не бараат подароци, услуги, помош или каква било друга корист од материјален или финансиски вид при извршување на работните задачи. Со својата чесна, доследна и квалитетна работа придонесуваат кон ефикасно функционирање на Министерството и на Армијата.

**Политички активности**
**Член 11**

(1)Вработените ги извршуваат работните задачи политички неутрално, без да ги застапуваат и изразуваат своите политички уверувања во вршење на службените задачи и не вршат политички активности кои можат да ја поткопаат довербата на јавното мислење. Вработените не ја истакнуваат, ниту ја наметнуваат на други својата политичка определба.

(2)Партиските симболи во ниту една форма не смеат да бидат истакнати во просториите на Министерството и Армијата.

## III. ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА И ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Однесување на работното место, во приватниот живот и во јавноста**
**Член 12**

(1)Вработените не одбиваат извршење на работни задачи од работното место на кое се распоредени, освен во случаи утврдени со закон, интерни правила и процедури и притоа го почитуваат хронолошкиот ред и итниот карактер при решавање на предметите.

(2)Вработените го почитуваат работното време, придржувајќи се до почетокот и крајот на работното време и пропишаното време за пауза.

(3)Во текот на работното време вработените носат безбедносни пропусници кои се видно истакнати за време на престојот и се должни да го регистрираат секој влез и излез во и од службените простории или да ги покажат истите на барање на овластени лица. За секое излегување или спреченост за доаѓање на работа или предвремено напуштање на работното место треба да биде известен претпоставениот и истото да биде одобрено.

(4)Вработените посветуваат внимание на хигиената, изгледот и начинот на облекување, односно формално, пристојно и прифатливо и е во согласност со професионалните норми и не предизвикува впечаток на непристојност ниту го нарушува на угледот на Министерството и Армијата. Во Министерството и во Армијата не се дозволува премногу кратка, тесна, отворена и вулгарна облека, која содржи непристојни содржини, натписи и додатоци и е наменета за спортски, забавни и друг вид активности.

(5)За вработените во Министерството и Армијата кои носат униформа важат одредбите за чиста, уредна униформа, со соодветни обележја. Кога не се носи пропишаната униформа, се практикува формален начин на облекување кој ја изразува почитта кон професијата, но и кон колегите, претпоставените и странките и во согласност со став (4) од овој член.

(6)Вработените на работното место не внесуваат и не конзумираат алкохол и психотропни супстанции. Пушењето во просториите на Министерството и на Армијата е забрането, освен во назначен простор за пушење.

(7)На работното место не се дозволени активности со кои се нарушува работниот процес, вулгарно, навредливо, непристојно и агресивно однесување, напади, закани, дискриминирачко однесување, мобинг, сексуално вознемирување и други активности со кои се повредуваат човековите права и закони.

(8)На работното место, во заедничките простории и објектите, во безбедносните и административните зони и други површини, вработените се грижат за уредноста и хигиената.

(9)Во приватниот живот вработените не постапуваат на начин со кој би го загрозиле личниот углед, угледот на професијата и на Министерството и Армијата.

(10)Во однос на учество на јавни настани, социјални мрежи или друг вид комуникација, не се ограничува истакнувањето на сопственото мислење кое е загарантирано, но се побарува воздржаност од недолични коментари на расна, етничка, верска, социјална и друга основа. Ова особено се однесува на вработените кои и се познати на јавноста (високи раководни структури во Министерството и Армијата) и лицата кои се задолжени за односи со јавноста, кои можат да влијаат на угледот на Министерството и на Армијата.

(11)Вработените во јавни настапи по претходно добиено одобрение изнесуваат исклучиво официјални ставови за прашања кои се поврзани со надлежностите на Министерството и на Армијата, во согласност со важечките прописи, добиените овластувања и овој Етички кодекс.

(12)Вработените избегнуваат секакво однесување, дејства или активности кои се во конфликт со законските и етичките норми и кои би ги довеле во прашање угледот и довербата во Министерството и Армијата.

**Однесување со колегите и со претпоставените**
**Член 13**

(1)Вработените ги негуваат духот и начелата на заемно почитување, уважување на различностите, солидарност, соработка и тимска работа. Се почитува приватноста и дискрецијата на колегите и претпоставените. Комуникацијата и соработката се одвива на начин кој не го повредува достоинството и личниот интегритет, туку придонесува за создавање на пријатна работна атмосфера, толерантност, транспарентност и меѓусебно разбирање.

(2)Претпоставените се должни со своето однесување да дадат пример за етичко однесување на вработените.

**Однесување со странки**
**Член 14**

Вработените кон странките се однесуваат професионално, учтиво, љубезно, со смирен тон и користат официјален, јасен и разбирлив јазик. Комуникацијата со странките е во согласност со почитувањето на правото на приватност и заштитата на личните податоци.

**Користење на материјални средства и ресурси**
**Член 15**

(1)Вработените на кои им се дадени материјални средства и ресурси на користење, при ракувањето со истите треба да се однесуваат ефективно, ефикасно и економично, користејќи ги исклучиво за службени потреби. За евентуални дефекти или други пречки при нивна употреба задолжително се известуваат претпоставените.

(2)Секое намерно и неодговорно однесување кон материјалните средства и ресурси е предмет на поведување на соодветна постапка, согласно важечките законски и подзаконски прописи.

(3)Службените моторни возила и службените телефони (фиксни и мобилни) се користат исклучиво за службени цели и должности, согласно интерните акти на Министерството и Армијата.

**Однесување при учество на обуки, стручно оспособување, школување, меѓународни и хуманитарни мисии, настани и друг вид активности во меѓународен контекст**

**Член 16**

(1)Вработените избегнуваат однесување и активности спротивни на одредбите на овој Етички кодекс при учество на обуки, стручно оспособување, школување, меѓународни, мировни и хуманитарни операции, настани и друг вид активности кои можат да наштетат на интересот или на угледот на Министерството и Армијата, притоа почитувајќи ги одредбите на Етичкиот кодекс и на други важечки национални и меѓународни закони и норми.

**Постапување со информациите**

**Член 17**

(1)Преземањето на мерки и активности за безбедност и заштита на информациите, а посебно на класифицираните информации од страна на создавачите и корисниците во Министерството и Армијата, во согласност со Законот за класифицирани информации, е важен дел од овој Етички кодекс. Обврската за заштита и чување на тајноста на информациите продолжува и по подолго оправдано отсуство, по промена на работното место и по престанокот на работниот однос по која било основа.

(2)Со цел обезбедување на законито користење на информациите и спречување на неовластено изнесување, односно објавување и нарушување на безбедноста, информациите доделени за извршување на работните задачи не се користат за приватни цели, не се злоупотребуваат и не се споделуваат со неовластени лица.

(3)Во однос на класифицираните информации и документи, вработените во Министерството за одбрана и Армијата работата ја спроведуваат согласно Законот за класифицирани информации.

(4)Ако преносот на информациите се остварува по електронски пат, исклучиво се користи е-пошта и интернет адреси регистрирани на Министерството и Армијата и се постапува во согласност со системот на степенување на класифицираните информации и важечката законска и подзаконска регулатива.

(5)Класифицираните информации не се праќаат електронски на мрежа која е поврзана на интернет, туку само на затворена мрежа.

## IV. ПОВЕРЕНИК ЗА ЕТИКА И ЕТИЧКИ КОМИТЕТ

**Повереник за етика**

**Член 18**

(1)За следење на примената на Етичкиот кодекс, укажување и превземање мерки во случај на неетичко однесување и повреда на утврдените етички стандарди и правила, прием на пријавите за неетичко однесување и постапување на вработените, спроведување постапка за испитување на основаноста на пријавата, водење на евиденција за пристигнатите пријави, со решение на министерот за

одбрана се назначуваат повереник за етика (во натамошниот текст: повереник) и негов заменик од редовите на вработените во Министерството и Армијата.

(2)Повереникот е должен во рок од 15 дена да ја проследи пријавата за неетичко однесување до Етичкиот комитет.

**Начин на поднесување пријави за неетичко однесување на вработените**
**Член 19**

(1)Вработените во Министерството и Армијата можат до повереникот да поднесат пријава за неетичко однесување за кое сметаат дека е спротивно на одредбите на овој Кодекс.

(2)Пријавата се поднесува до повереникот:

- по писмен пат (преку деловодството на Министерството и Армијата);
- со испраќање на порака на наменска електронска пошта, објавена на официјалните веб страници на Министерството и Армијата;
- со јавување на одреден телефонски број, објавен на официјалните веб страници на Министерството и Армијата

(3)Податоците содржани во пријавата се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

**Етички комитет**
**Член 20**

(1)Етичкиот комитет е надлежно работно тело за спроведување на постапката за испитување на основаноста на пријавата за неетичко однесување и за давање одговор на пријавите, во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавата.

(2)Етичкиот комитет е составен од седум члена, од кои три члена се именуваат од редот на вработените во Министерството, три од вработените во Армијата и еден претставник од Синдикатот, кој се формира со Решение на министерот за одбрана.

**Член 21**

Начинот на работа и надлежностите на повереникот и етичкиот комитет се утврдени со Решение на министерот за одбрана.

**Запознавање на нововработените со Етичкиот кодекс**
**Член 22**

Секое лице кое прв пат заснова работен однос во Министерството и Армијата задолжително се запознава со одредбите на Етичкиот кодекс од страна на претпоставените и потпишува писмена согласност за прифаќање и почитување на истиот.

**Објавување**
**Член 23**

Овој Етички кодекс се истакнува на огласните табли во Министерството и Армијата и се објавува на веб-страниците на Министерството и на Армијата.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Престанок на важност**

**Член 24**

Со влегување во сила на Етичкиот кодекс престанува да важи Етичкиот кодекс на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија бр. 16-6398/1 од 21.11.2017 година и бр. 01 – 976/1 од 02.03. 2023 година.

**Стапување на сила**

**Член 25**

Етичкиот кодекс влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01 - 2027/1

09-07-2025 2025 година

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**

**Владо Мисајловски**

# Согласност за почитување на Етички кодекс на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија

Јас, ----------------------------------------, потврдувам дека сум информиран/а и се согласувам со одредбите утврдени во Етичкиот кодекс на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.

Свесен/свесна сум за важноста на почитувањето на етичките стандарди и правилата на однесување за време на работното време, надвор од работното време, во приватниот живот и при учество на обуки, школувања, стручно оспособување и усовршување настани и активности во државата и странство, како и за последиците од нивното непочитување.

Со потпишување на оваа согласност, ја преземам обврската да се однесувам во согласност со етичките стандарди и да ги почитувам сите начела и принципи кои се пропишани во Етичкиот кодекс. Исто така, ќе се воздржувам од какви било дејства кои можат да го загрозат интегритетот и угледот на Министерството и Армијата.

Име и презиме: ______________________________

Потпис: ______________________________

Дата: ______________________________